# БРОШУРА СО ПРОИЗВОДИ СО КАУЗА






AVON
БОРБА ПРОТИВ
РАК НА ДОЈКА

# ДОБРОТВОРНИТЕ ПРОИЗВОДИ СЕ СИМБОЛ НА

# НАДЕЖ И ГРИЖА

# ЗА ЖЕНИТЕ НА КОИ ТОА ИМ Е НАЈМНОГУ ПОТРЕБНО



**Марија Ѓоргиевска**
Зонален Менаџер, Зона 002
со најголема продажба на производи со розова панделка за 2020 година

*Отсекогаш ми било важно во мојата работа да е застапена и општествената одговорност, силната верба дека правиме нешто добро и нешто за луѓето.*
*“Светот е толку добар со тебе во онаа мера во која му служиш со добро” – ова е најдобриот совет кој го имам добиено досега, и безрезервно придржувајќи се кон овие зборови, секогаш гордо споделувам дека јас, и сите ние во Avon сме луѓе, кои една жена, најпрво сакаат да е здрава и заштитена, а потоа и убава на начин на кој таа сака.*
*Ракот на дојка е болест која не бира возраст или каква било друга определба. Ние сме оние кои избираме да сме сплотени, да помагаме и да ја победиме оваа свирепа болест. Купувајќи розов производ вие спасувате нечија сестра, мајка, другарка. И ова е она кое треба да ни е на ум секојпат кога доаѓаме до розовите страници во Avon брошурата. Да ви се пружи директна можност, да можете да помогнете лесно и брзо, со порачување на розов производ со кој донирате за засегнатите борки во нашето општество, треба да ја прифатите и да не ја пропуштите. Нема друг начин да ја победиме оваа битка, освен сплотени заедно. Затоа, ве канам секогаш да сте заедно со нас во оваа мисија.*

AVON
БОРБА ПРОТИВ
РАК НА ДОЈКА

**100% ОД ПРОФИТОТ ОД ПРОИЗВОДИТЕ** СО РОЗОВА ПАНДЕЛКА Е НАМЕНЕТ ЗА ФОНДАЦИЈАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ РАК НА ДОЈКА.



## 2006 г.

AVON ја започна својата борба против ракот на дојка во Македонија. Борба која ја водиме и ден-денес.




## 2007 г.

AVON Македонија ја отпочнува соработката со Здружението за борба против рак "Борка - за секој нов ден"



## 2008 г.

Остварена е првата донација кон здружението "Борка" од 7.400$ за пуштање во употреба на првата СОС линија
0800 55 777 и заедно зачекоривме на големата розова прошетка "Напред розово" за помош и поддршка на заболените од рак на дојка.

AVON ПРОТИВ РАКОТ НА ДОЈКА

## 2010 г.

AVON прослави 5 години постоење на македонскиот пазар. Продолживме со поддршка на активностите на здружението "Борка" со донација од 25.000$, реализација на едукативни работилници и подготовка на информативен материјал за ракот на дојка.



## 2014 г.

Донираме 15.000$ на здружението "Борка" за отворање и на мобилна СОС линија 075 22 88 99, поткрепена со кампања за подигнување на свеста за ракот на дојка "Засвети розово".




## 2018 г.

Уште една донација од 15.000$ за поддршка на борбата против ракот на дојка, со силна кампања "Допирај се розово" за подигнување на свеста.
Јубилејни 10 години заедно со "Борка" чекориме на розовата прошетка.



## 2019 г.

Заедно со нашиот Амбасадор на хуманоста и Претседателката на здружението "Борка", ја продолживме кампањата за подигнување на свесноста за ракот на дојка преку кампањата #ПаузаЗаПреглед. Во соработка со Телеком Македонија, испративме 60.000 СМС пораки со апликација која симулира самопреглед на дојка.




## 2020 г.

Дури и за време на пандемијата со Ковид 19, ние не мирувавме! AVON Македонија беше Златен спонзор на првата меѓународна трка "Race For the Cure", со најголем тим на учесници и поддржана со кампања на социјалните мрежи за подигање на свесноста за потребата од навремени и редовни прегледи на дојките, #BoobWatch.




## 2022 г.

Донираме 21.000$ за поддршка на борбата против ракот на дојка на здружението Езра за кампањата "Од мене за тебе".

# 2023 г. А денес... ти си на ред!

AVON
БОРБА ПРОТИВ
РАК НА ДОЈКА




40964

**Мирислива свеќа “Розова панделка”**

Време на согорување: прибл. 28.5 часа

500 ден.

Размер XL



13052

**Козметички несесер “Розова панделка”**

Заоблен несесер со патент во златна нијанса и внатрешна отворена преграда.

680 ден.

# ПОДАРИ НАДЕЖ





**04069**

**Алка “Розова панделка”**

месинг, пластика, стакло, цинк,
полиамид, дијаметар на украсот.
1,3 см

370 ден.

# ПОСИЛНИ СМЕ, КОГА СЕ ПОДДРЖУВАМЕ





Принт
**ЕКСКЛУЗИВЕН ЗА AVON.**

100%
памук

**Пижами - Розова панделка**
**S 26047**
**M 13573**
**L 20032**
**XL 14241**

1.600 ден.

| Табела со димензии во цм | | | |
|---|---|---|---|
| SMл | гради | половина | колкови |
| S | 82-86 | 65-69 | 90-94 |
| M | 91-96 | 74-79 | 99-104 |
| L | 101-106 | 84-89 | 109-114 |
| XL | 112-118 | 95-101 | 120-126 |



**24976**
**Чорапи - Розова панделка**
98% полиестер, 2% спандекс,
универзална големина

280 ден.




**09936**
**Лосион за тело - Розова панделка**
720 мл

350 ден.



**28670**

## Приврзок за клуч со огледало - Розова панделка

Полиуретан со сафијано ефект, сатенска лента од полиестер, акрилно огледало, дијаметар на огледалото 5цм, целосна големина 13x9 цм

380 ден.




**22152**

## Чаша за носење - розова панделка

500 мл; Состав; полипропилен, силикон
Дијаметар на капакот: 9,8см.
Дијаметар на горниот дел од чашата: 6,4см.
Висина на чашата: 15,5см.
Висина на чашата со капакот: 18см.

570 ден.



**11221**

## Ѓердан - розова панделка

месинг, цинк, стакло
димензии: 42+9 цм, приврзок: 1.2 x 1.45 цм

400 ден.

# ЕДЕН МАЛ ГЕСТ МОЖЕ
# ДА ПРОМЕНИ НЕЧИЈ ЖИВОТ

*Семејството е асоцијација за заедница и дом. Кога насилството потекнува од домот кој треба да биде симбол за грижа и сигурност, тогаш човек се чувствува безизлезно, бидејќи таму каде што прво и последно би побарал помош -  сега станува гнездо на агресија, страв и подлост.*
*Со избувнувањето на КОВИД-19 кризата, новите податоци и статистики покажаа дека се интензивираат сите видови насилство врз жени и девојчиња, а особено семејното насилство.*
*Се случи т.н. „пандемија во сенка“ што растеше затскриено позади официјализираната Корона пандемија и протоколите #седидома кои таа ги пропагираше. Случаите со КОВИД-19 беа приоритет во пружање на основни здравствени услуги, што секако подразбира дека сите останати вклучувајќи ги и оние со етиологија „семејно насилство“ – за жал, беа занемарени. Токму заради ова, ни требаат колективни напори за да се направи повеќе и да се даде приоритет на решавање на „семејното насилство“ како перманентна состојба во одредени заедници. Секој од нас треба да има своја улога и да се чувствува повикан дека и со мал гест може да помогне да се сменат работите на подобро и побезбедно живеење на загрозените индивидуи.*



**Марина Цигарида**
Зонален Менаџер, Зона 006
со најголема продажба на производи кампања против семејно насилство за 2020 г.

*Јас и мојот тим – спонтано се вклучивме во акцијата на AVON за борба против семејно насилство со тоа што апелиравме да се купуваат производите со знакот на бесконечност и на тој начин придонесовме во прибирање на средства во фондот за донации.*
*Секој од нас може да направи чекор понапред во охрабрување на засегнатите да „излезат од плакарот“ и отворено да се произнесат дека се мета на физичко насилство во домот, да го споделат своето искуство и да ја прекинат реториката од типот на „тоа е семејна работа, тие си знаат, нема што ние да им се мешаме“.*
*Ве повикувам да придонесете во нашата хумана акција со купување на производите со знакот на бесконечност, бидејќи само слободата е бесконечна и пркоси на живеењето во страв!*

**AVON**
**СТОП ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ**

**100% ОД ПРОФИТОТ** ОД ПРОИЗВОДИТЕ ОД КАМПАЊАТА Е НАМЕНЕТ ЗА ФОНДАЦИЈАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО.

## 2011 г.

Ја започнавме борбата против семејното насилство во Македонија, преку продажба на производи со знакот за бесконечност и прибирање на средства во фондот за донации.

## 2017 г.



Ја реализиравме првата донација во износ од 10.000$ кон Кризниот центар “Надеж”, за поддршка на активностите за згрижување, правна и психолошка помош на жените - жртви на семејно насилство, како и за функционирање на СОС линијата 15 315. Донацијата беше поткрепена со моќна инфлуенсер - кампања за подигнување на свеста за семејното насилство во земјава, под мотото “Тишина која изолира: проговори против семејното насилство!”

## 2019 г.

Ја реализиравме дигиталната кампања за подигнување на свесноста #ПроговориСлушни во рамките на 16 дена активизам против родовото и семејното насилство.

## 2020 г.




Во екот на пандемијата со Ковид-19, реализиравме донација од 7.000$ кон Кризниот центар “Надеж”, како директна поддршка од глобалната фондација за жени на AVON. Воедно, активна беше и дигиталната и инфлуенсер-кампања за подигнување на свесноста за тивката епидемија од семејно насилство во време на светска здравствена пандемија и карантин “Изолирана, но не сама”.

## 2023 г.




Реализиравме донација во износ од 1.500.000 ден. кон Кризниот центар “Надеж”, за проектот ВИЕ ЗБОРУВАТЕ – НИЕ СЛУШАМЕ кој ги содржи следните активности: 24 часовна Национална СОС линија за помош и информации во секое време; Обезбедување првична и интервентна финансиска помош на жртвите на семејно насилство кои го напуштаат шелтерот (КЦ Надеж ќе им обезбеди на жените жртви ваучери од различни компании за набавка на храна, облека, лекови и хигиенски средства); како и обезбедување безбеден привремен престој за жртвите во времетраење од 24-48 часа.

**Продолжуваме со нашата мисија**
**Дали си со нас?**

AVON
СТОП ЗА НАСИЛСТВО
ВРЗ ЖЕНИ

# АЈДЕ ЗАЕДНО ДА СТАВИМЕ КРАЈ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ! ЗА НАСИЛСТВОТО НЕМА МЕСТО ВО НИЧИЈ ДОМ.



**04580**
**Несесер - Не си сама**
PU, полиестер
Димензии: 20 x 23 x 13 x 5 цм

680 ден.

Големина XL

**ПРИНТ ЕКСКЛУЗИВЕН ЗА AVON**



**01867**
**Алка - Не си сама**
Најлон, месинг, цинк, стакло

400 ден.




**30643**

### Чаша за носење - Не си сама

500 мл; Состав; полипропилен, силикон
Дијаметар на капакот: 9,8см.
Дијаметар на горниот дел од чашата: 6,4см.
Висина на чашата: 15,5см.
Висина на чашата со капакот: 18см.

570 ден.



**25114**

### Портмоне за монети - Не си сама

PU, полиестер, 12 x 8
должина на рачка 48 цм.

480 ден.

**34629**

### Алка - Не си сама

Алка од месинг и цинк обложен со бела бронза.
Дијаметар на декоративниот елемент: 1,3 см.

370 ден.



**34942**

### Аларм за тревога

Состав: ABS пластика.
Димензии: 85 x 30 x 19 мм. Потребни се 2 x AAA батерии (не се вклучени).

700 ден.





# ВКЛУЧИ СЕ И ТИ!
# СЛЕДИ ГИ ТРИТЕ ЧЕКОРИ:

## 1.
## ПОРАЧАЈ ПРОИЗВОД СО КАУЗА

Одбери производ со кауза.

## 2.
## НОСИ И ПОКАЖУВАЈ ГО ГОРДО

Покажи му ја на светот твојата поддршка и хуманост.

## 3.
## СПОДЕЛИ ЈА МИСИЈАТА

Биди Амбасадор на хуманоста и сподели ја хуманата мисија меѓу твоите најблиски. Покани ги и охрабри ги да ја поддржат и тие оваа кауза и да порачаат производ со кауза.